ТРД - РОБИ ДООЕЛ Штип
Тел/Факс:++389 (0XX) 612 609; 612 612; 0(2) 6121 609, 6121 612
ж. с-ка: 300 0800 000 647 31 - Комерцијална Банка АД Скопје
240 1700 008 259 27 - УНИ Банка АД Скопје
ЕДБ: 402 999 811 4287 ДДВ Број: МК 442 900 610 0121
E-mail: telekabel@telekabel.com.mk, www.telekabel.com.mk

Трговско радиодифузно друштво
Кабловска телевизија Роби
дооел
Бр. 0302-432
09.07 2013 год.
ШТИП

**ПРЕДМЕТ: Мислење по предлог текст на Закон за медиуми и аудиовизуелни услуги од 05.06.2013 година**

Член 83

....

*(6) Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс , ќе склучи договор со радиодифузерот кој од Агенцијата има добиено дозвола за телевизиско или радио емитување, за емитување на неговиот програмски сервис во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од ставот (4) на овој член, почитувајќи ги принципите , на објективност, транспарентност и недискриминација. Радиодифузерите се должни склучените договори да ги достават до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на нивното склучување.*

*(7) Доколку страните од ставовите (5) и (6) на овој член не постигнат договор во утврдениот рок, Агенцијата за електронски комуникации по барање на една од страните поведува постапка за решавање на спор согласно со одредбите на Законот за електронските комуникации.*

Операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, доколку користат кабелска мрежа, не користат ограничени ресурси на државата меѓутоа и ресурсите кои се нивна сопственост се иако поголеми сепак ограничени. За зголемување на капацитети се трошат огромни средства. Не е дефинирано кој ќе ги покрива трошоците. За бројот на електронски комуникациски мрежи на одредена територија нема никакви ограничувања и гаранции така да радиодифузерите можат да бираат со кој ќе склучат договор за реемитирање. Единствен оператор кој има привилегии во однос на конкуренција е DVB-T. Поради тоа, реално е само таков оператор да биде обврзан и регулиран да пушта домашни канали.

Член 70

...

*(2) Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавните комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат преведени ( титлувани, насинхронизирани и сл.) на македонски јазик, а во општините каде покрај македонскиот јазик официјално се користи и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, мора да бидат преведени и на тој јазик, освен телешопингот и рекламите.*

Став(2) од овој член е бесмислен со воведувањето на дигитализацијата бидејќи сите оператори паралелно со аналогната имаат и дигитална платформа. Сите канали кои имаат преводи, истите ги имаат вградено во транспорт стримот уште при процес на енкодирање на сигналот. Титловите можат да бидат вградени во DVB или TXT формат а некогаш сигналот ги содржи двата формати. Во случај на примена на ваков закон, примената реално ќе биде само делумна односно ќе се однесува на мал дел корисници кои имаат стари ТВ приемници без дигитален тјунер и без телетекст.

Член 112

...

*(7) Со пријавата, одговорното лице на операторот доставува и изјава заверена на нотар со која потврдува под целосна кривична и материјална одговорност дека за реемитување на програмските сервиси од ставот (2) на овој член има уредено авторски и сродни права, согласно Законот за авторските права и сродните права.*

Авторските права се регулирани со кривичниот закон и операторот секако ќе биде казнет и ќе плаќа за направена штета доколку не го почитува законот. Процес на реемитирање на содржини треба да биде едноставен и без потреба од чекање на било каква администрација.

*(16) Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен во претплатничките договори што ги склучува со своите претплатници да го наведе програмскиот пакет, односно листата на програмските сервиси кои ги реемитува во моментот, а за кои е издадена потврдата за регистрација од страна на Агенцијата.*

Операторот има понуда на канали во мометот на приклучување на корисникот и таа понуда е регистрирана како пакет во СРД. Дополнителни трошоци се да при секоја промена постојано се менуваат договорите од причина што не секогаш е познато дали ќе има промена а операторот мора да штампа договори во големи количини за да постигне добра цена. Доколку причината за овој став е да се заштити корисникот доволно е само да има член во договорот дека корисникот може да го раскине истиот во случај да не е задоволен од програмските промени.

Член 114

...

*(3) Операторите кој реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во подрачја надвор од подрачјето на регионално ниво Скопје, се должни својот излезен сигнал со иста содржина на онаа што им е достапна на нивните претплатници, континуирано да го испорачуваат до локацијата за прибирање на сигнали лоцирана во секои од подрачјата на регионално ниво согласно членот 68 став (4) од овој закон, заради негова понатамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата во Скопје.*

*(4) Локациите за прибирање на сигнали од ставот (3) од овој член ги утврдува Агенцијата и истите ги објавува на својата веб страна.*

Локацијата за прибирање на сигнали треба да биде во територија каде операторот има веќе изградена мрежа. Се друго создава конфликтни и невозможни ситуации како добивање на градежна дозвола, огромни трошоци кои најчесто и ке ги надминат приходите на малите кабелски оператори.
Од овој член произлегуват и казнени одредби кои секако треба да се избришат бидејќи во самиот старт им се отежнува максимално работата на малите оператори и се дестимулира конкуренција на пазарот на телекомуникации.

Со почит,

ТРД Роби ДООЕЛ

09.07.2013